ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Основен суд Тетово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (603) за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
– нецелосно спроведен попис на средствата и обврските и неизвршено усогласување на состојбите искажани во сметководството, со фактичката состојба утврдена со пописот;
– не е воспоставена материјална евиденција на постојаните средства и не е пресметана амортизација и ревалоризација за 2020 година и
– не е склучен договор за надоместување на трошоците за комунални услуги со корисниците на зградата на судот.

**Издадено мислење/заклучок*:** (црвено, жолто)

Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
– спроведување на пописот согласно законските и подзаконски прописи и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.
– воспоставување на материјална евиденција на постојаните средства и редовно пресметување на амортизација и ревалоризација
– склучување на договор за надомест на трошоци со корисниците на зградата на судот.

**Клучни системски слабости:**
- отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи и
- различно уредување на права на вработените во однос на вреднувањето на минатиот труд при пресметка на платите на судиите и судските службеници.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување